Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија” бр. 193/16, 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 16/22, 49/26 и 122/26) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден__.10.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2026 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/25, 06/26 и 08/26) се вршат следните изменувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес**,

Во програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2026 година, вкупниот износ 514.957.667,00 денари се брише и се заменува со износот 305.395.913,00 денари.

Во подпрограмата Ф Урбано планирање, износ 22.038.000,00 денари се брише и се заменува со износ 19.498.000,00 денари.

Во подпрограмата Ф20 Уредување на градежно земјиште, износот 8.038.000,00 денари се брише и се заменува со износот 4.498.000,00 денари.

Во точка 1 Надзор на изведбата на градежни објекти и сообраќај, износот 1.000.000,00 денари се брише и се заменува со 500.000,00 денари.

Во точката 2 Геодетски услуги, износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 1.000.000,00 денари.

Во точката 3 Геомеханички испитувања, износот 800.000,00 денари се брише и се заменува со 400.000,00 денари.

Во точка 4 Надзор за реализација на развојна програма за изведба на катната гаража, износот 1.780.000,00 денари се брише и се заменува со 1.280.000,00 денари.

Во точка 9 Надзор за реализација на проект за реконструкција на противпожарен дом, износот 440.000,00 денари се брише и се заменува со 140.000,00 денари.

Во точка 10 Надзор за реализација на проект за реконструкција на Спотска сала прва фаза, износот 515.000,00 денари се брише и се заменува со 275.000,00 денари.

Во точка 11 Надзор за реализација на објект катна гаража втора фаза и партерно уредување на просторот над скривницата, износот 1.150.000,00 денари се брише и се заменува со 550.000,00 денари.

Во подпрограмата ФА0 Уредување на градежно земјиште(капитални расходи), износот 4.000.000,00 денари се брише и се заменува со износот 5.000.000,00 денари.

Во точка 2 Експропријација на градежно земјиште (за ПС на град Велес), износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 3.000.000,00 денари.

Во подпрограма Ј Комунални дејности, износ 492.919.667,00 денари се брише и се заменува со износот 285.897.913,00 денари.

Во подпрограмата Ј10 Снабдување со вода, износот 400.000,00 денари се брише и се заменува со износот 320.000,00 денари.

Во точка 3 Набавка на водоводно црево за населено место Лавчани, износот 300.000,00 денари се брише и се заменува со износот 220.000,00 денари.

Во подпрограмата Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води, износот 5.300.000,00 денари се брише и се заменува со износот 7.100.000,00 денари.

Во точка 4 Реконструкција на потисен цевковод до резервоарски простор во село Каласлари (на потег каде се реконструира асфалтна улица), износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со износот 3.800.000,00 денари.

Во подпрограмата Ј30 Јавно осветлување износот 18.400.000,00 денари се брише и се заменува со износот 24.750.000,00 денари.

Во точка 1 Потрошена електрична енергија, износот 15.000.000,00 денари се брише и се заменува со износот 20.000.000,00 денари.

Во точка 2 Одржување на јавно осветлување, износот 1.000.000,00 денари се брише и се зменува со износот 1.500.000,00 денари.

Во точка 3 Отстранување на дефекти во разводни ормари за улично осветлување, износот 1.000.000,00 денари се брише и се зменува со износот 1.500.000,00 денари.

Во точка 5 Новогодишно украсување, износот од 700.000,00 денари се брише и се заменува со износот 1.050.000,00 денари.

Во подпрограма Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и мостови и регулирање на режимот на сообраќај, износот 6.750.000,00 денари се брише и се заменува со 5.850.000,00 денари.

Во точка 9 Уредување на заштитен појас на патен правец од Населба Тунел до Превалец со потребно тампонирање и замена на еластична ограда, износот од 900.000,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма Ј90 Одржување на простор за паркирање, износот 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 1.800.000,00 денари.

Во точка 1 Одржување и обновување на хоризонтална сигнализација набавка на возило, износот од 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 1.800.000,00 денари.

Во подпрограма ЈА0 Изградба на јавно осветлување, износот 6.400.000,00 денари се брише и се заменува со 3.400.000,00 денари.

Во точка 1 Проширување на мрежа на улично осветлување на територија на град Велес, износот од 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 1.000.000,00 денари.

Во точка 7 Фарбање на постоечки столбови за улично осветлувањена територија на Општина Велес, износот од 500.000,00 денари се брише во целост.

Во точка 9 Набавка, транспорт и монтажа на нови ЛЕД светилки, износот од 2.000.000,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патиштаи улица, износот 33.153.342,00 денари се брише и се заменува со 28.653.342,00 денари.

Во точка 3 Изградба и реконструкции на улици на територијата на општина Велес со асфалтирање, износот од 5.482.714,00 денари се брише и се заменува со 4.482.714,00 денари.

Во точка 4 Реконструкција на улици на територија на Општина Велес и изведба на нови улици со поплочување со префабрикувани бетонски елементи и др, износот од 2.280.000,00 денари се брише и се заменува со 280.000,00 денари.

Во точка 7 Изведба или реконструкција на тротоари, износот од 2.500.000,00 денари се брише и се заменува со 1.000.000,00 денари.

Во подпрограма ЈЕ Изградба на простор за паркирање, износот 9.212.525,00 денари се брише и се заменува со 5.212.525,00 денари.

Во точка 3 Оградување, тампонирање, пристапни патишта и осветлување на паркинг на кој ќе се одлагаат хаварисани и одземени возила, износот од 4.000.000,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација, износот 2.627.010,00 денари се брише и се заменува со 1.627.010,00 денари

Во точка 2 Набавка, транспорт и поставување на еластична ограда на повеќе локации, износот 1.000.000,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, износот 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 2.850.000,00 денари.

Во точка 1 Изведба на крак од фекална канализација во с.Горно Оризари, износот 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 1.050.000,00 денари.

После точка 1 се додава нова точка 2 која гласи "Изведба на крак од фекална канализација во с.Долно Каласлари ", во износот од 1.800.000,00 денари.

Во подпрограма ЈМ Капитални расходи за паркови и зеленило, износот 6.967.762,00 денари се брише и се заменува со 7.467.762,00 денари.

Во точка 2 Партерно уредување околу колективни станбени згради на територијата на Општина Велес, износот 1.000.000,00 денари се брише и се заменува со 3.000.000,00 денари.

Во точка 5 Изведба на партерно уредување околу објект на поранешен Фершпед, износот 1.500.000,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма ЈН0 Урбана опрема (Капитални расходи), износот 3.300.000,00 денари се брише и се заменува со 5.300.000,00 денари.

Во точка 3 Тековно одржување на постоечка урбана опрема, износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 4.000.000,00 денари.

Во подпрограма ЈЛД Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 11.324.391,00 денари се брише во целост.

Во точка 1 Регулација на река Вардар во должина од 253 м на потег од под мало мовче до под Стар мост, износот 11.324.391,00 денари се брише во целост.

Во подпрограма ЈЛЕ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 61.202.532,00 денари се брише и се заменува со 35.613.493,00 денари.

Во точка 1 Изградба на катна гаража Фаза 1, износот 61.202.532,00 денари се брише и се заменува со 35.613.493,00 денари.

Во подпрограма ЈДА Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 6.640.890,00 денари се брише и се заменува со 6.356.511,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на улица Белградска дел-2, износот 6.640.890,00 денари се брише и се заменува со 6.356.511,00 денари.

Во подпрограма ЈДБ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 9.457.622,00 денари се брише и се заменува со 6.356.511,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на улица 11ти Октомври, износот 9.457.622,00 денари се брише и се заменува со 6.356.511,00 денари.

Во подпрограма ЈДВ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 10.068.229,00 денари се брише и се заменува со 2.514.804,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на дел од улица Алексо Демниевски-Бауман од спој со улица Асном до спој со Васа Кошулчева кај Железничка станица, износот 10.068.229,00 денари се брише и се заменува со 2.514.804,00 денари.

Во подпрограма ЈДГ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 15.568.756,00 денари се брише и се заменува со 14.936.275,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција и утврдување режим на сообраќај на улица асил Главинов со споевите на улуца Киро Ќучук и Тодор Јанев, износот 15.568.756,00 денари се брише и се заменува со 14.936.275,00 денари.

Во подпрограма ЈДЕ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 15.838.574,00 денари се брише и се заменува со 3.957.979,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на дел од улица Васил Ѓоргов, износот 15.838.574,00 денари се брише и се заменува со 3.957.979,00 денари.

Во подпрограма ЈЛК Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 993.203,00 денари се брише и се заменува со 247.755,00 денари.

Во точка 1 Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1 позади станбена зграда на ул.Благој Ѓорев бр.125 , износот 993.203,00 денари се брише и се заменува со 247.755,00 денари.

Во подпрограма ЈЕЛ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 56.850.119,00 денари се брише и се заменува со 14.209.248,00 денари.

Во точка 1 Партерно уредување на плоштад и изградба на подземна катна гаража – Фаза 2, износот 56.850.119,00 денари се брише и се заменува со 14.209.248,00 денари.

Во подпрограма ЈДИ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 59.470.826,00 денари се брише и се заменува со 28.785.501,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на улица Гоце Делчев во с.Отовица, износот 59.470.826,00 денари се брише и се заменува со 28.785.501,00 денари.

Во подпрограма ЈДЈ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 11.178.849,00 денари се брише и се заменува со 13.109.132,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на влез во село Иванковци, износот 11.178.849,00 денари се брише и се заменува со 13.109.132,00 денари.

Во подпрограма ЈДК Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 6.120.994,00 денари се брише и се заменува со 1.521.307,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на влез во село Каласлари, износот 6.120.994,00 денари се брише и се заменува со 1.521.307,00 денари.

Во подпрограма ЈДЛ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 6.504.738,00 денари се брише и се заменува со 1.625.021,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на влез во село Мамутчево, износот 6.504.738,00 денари се брише и се заменува со 1.625.021,00 денари.

Во подпрограма ЈДЛ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 6.504.738,00 денари се брише и се заменува со 1.625.021,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на влез во село Мамутчево, износот 6.504.738,00 денари се брише и се заменува со 1.625.021,00 денари.

Во подпрограма ЈДМ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 12.520.989,00 денари се брише и се заменува со 3.126.317,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на влез во село Башино село, износот 12.520.989,00 денари се брише и се заменува со 3.126.317,00 денари.

Во подпрограма ЈЛМ Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 15.707.549,00 денари се брише и се заменува со 3.918.392,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на јавна површина над скривница и деловен простор износот 15.707.549,00 денари се брише и се заменува со 3.918.392,00 денари.

Во подпрограма ЈЛН Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 51.564.870,00 денари се брише и се заменува со 12.886.453,00 денари.

Во точка 1 Реконструкција на локален пат Велес-Чалошево, износот 51.564.870,00 денари се брише и се заменува со 12.886.453,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина
Велес
Даниел Јаневски
с.р.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во табелата расходи со средства од Буџетот на Општина Велес се направени следните измени:

Во потпрограма Ф20 точка 1 износот предвиден за Надзор на изведбата на градежни објекти и сообраќај, износот се намалува за 500.000,00 денари бидејќи процентот на услугите за надзор е мал и до крајот на тековната година нема да се потрошат предвидените средства истите се пренаменуваат.

Во потпрограма Ф20 точка 2 износот предвиден за Геодетски работи, износот се намалува за 1.000.000,00 денари бидејќи потребата од ваков тип на услуги до крајот на тековната година поради временските услови ќе биде намален.

Во потпрограма Ф20 точка 3 износот предвиден за Геомеханички испитувања, износот се намалува за 400.000,00 денари поради временските услови и периодот кој ни доаѓа.

Во потпрограма Ф20 точка 4 износот предвиден за Надзор реализација на развојната програма за изградба на катната гаража, износот се намалува за 500.000,00 денари бидејќи до крајот на тековната година се очекува работите да се одвиваат со намалена динамика поради временските услови.

Во потпрограма Ф20 точка 9 износот предвиден за Надзор реализација на проект за реконструкција на противпожарен дом, износот се намалува за 300.000,00 денари бидејќи поради неможноста да се отпочне со градежни работи пред да се преселат службите кои ги користат дел од објектите, до крајот на тековната година не се очекува да се искористат сите средства.

Во потпрограма Ф20 точка 10 износот предвиден за Надзор реализација на проект за реконструкција на Спортска сала прва фаза, износот се намалува за 240.000,00 денари, поради потребата од дополнителни работи кои во оваа фаза не се предвидени, средствата нема да се потрошат до крајот на тековната година.

Во потпрограма Ф20 точка 11 износот предвиден за Надзор реализација на објект катна гаража втора фаза и партерно уредување на просторор над скривницата, износот се намалува за 600.000,00 денари поради успорената

динамика на градежните работи од фаза еден и појавата на непредвидени работи, беше оневозможено отпочнувањето на гардежните работи од втора фаза.

Во потпрограмата ФА0 точка 2 Експропријација на градежно земјиште (за Пречистителна Станица на град Велес), износот се зголемува за 1.000.000,00 денари бидејки е во тек исплатата за експропријација (за ПС на град Велес) и предвидените средства нема да бидат доволни до крај на тековната година.

Во потпрограмата Ј10 точка 3 Набавка на водоводно црево за населено место Лавчани, износот се намалува за 80.000, 00 денари бидејки добиената вредност по избор на економскиот оператор имаше понудена вредност за цревото со помала вредност од предвидената вредност.

Во подпрограмата Ј20 точка 4 Реконструкција на потисен цевковод до резервоарски простор во село Каласлари (на потег каде се реконструира асфалтна улица), износот се зголемува за 1.800.000,00 денари бидејки првично обезбедените средства беа предвидени паушално без готова проектна документација која ја дефинира вредноста на чинење на работите.

Во подпрограмата Ј30 точка 1 Потрошена електрична енергија, износот се заменува за 5.000.000,00 денари, бидејки цената на електричната енергија во послевниве месеци е во постојан пораст и се јавува потреба за дообезбедување на средства.

Во подпрограмата Ј30 точка 2 Одржување на јавно осветлување, износот се зголемува за 500.000,00 денари, овие средства се потребни за редовно одржување на мрежата за уличното осветлување до крај на тековнава година.

Во подпрограмата Ј30 точка 3 Отстранување на дефети во разводни ормари за улично осветлување, износот се зголемува за 500.000,00 денари поради зголемен обем на работа по барање на граѓаните.

Во подпрограмата Ј30 точка 5 Новогодишно украсување, износот се зголемува за 350.000,00 денари за да може да се плати дел од услугата за поставување на новогодишното украсување.

Во подпрограма Ј60 точка 9 Уредување на заштитен појас на патен правец од Населба Тунел до Превалец со потребно тампонирање и замена на еластична ограда, износот од 900.000,00 денари се брише во целост, бидејки се работи за патен правец со кој располага ЈПДП и бидејки не се добиени потребните согласности овој проект нема да се реализира во оваа година.

Во подпрограма Ј90 точка 1 Одржувањеи обновување на хоризонтална сигнализација набавка на возило, износот се зголемува за 300.000,00 денари, средствата се наменети за обновување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес.

Во подпрограма ЈА0 точка 1 Проширување на мрежа на улично осветлување на територија на град Велес, износот се намалува за 500.000,00 денари средствата се пренаменуваат во одржување на мрежата на уличното осветлување.

Во подпрограма ЈА0 точка 7 Фарбање на постоечки столбови за улично осветлување на територија на Општина Велес, износот од 500.000,00 денари се брише во целост, поради периодот кој ни претстои и временските услови кои нема да дозволат да се реализира оваа точка во тековната година.

Во подпрограма ЈА0 точка 9 Набавка, транспорт и монтажа на нови ЛЕД светилки, износот од 2.000.000,00 денари се брише во целост, потребна е реална анализа за бројот на Лед светилки кои недостасуваат на територија на целата Општина а времето кое ни останува е кратко за да се направи јавна набавка, оваа точка неможе да се реализира до крајот на тековната година и ќе се префрли за наредната.

Во подпрограма ЈД0 точка 3 Изградба и реконструкции на улици на територијата на општина Велес со асфалтирање, износот се намалува за 1.000.000,00 денари, бидејки во престојниот период базите за асфалт нема да

работат и нема да може да се врши изградба и реконструкција на улици со асфалтирање.

Во подпрограма ЈД0 точка 4 Реконструкција на улици на територија на Општина Велес и изведба на нови улици со поплочување со префабрикувани бетонски елементи и др, износот се намалува за 2.000.000,00 денари, бидејќи временските услови кои ни престојат нема да ни дозволат да вршиме реконструкција и изведба на нови улици со поплочување со префабрикувани бетонски елементи и др, средствата се пренаменуваат.

Во подпрограма ЈД0 точка 7 Изведба или реконструкција на тротоари, износот се намалува за 1.500.000,00 денари, бидејќи временските услови кои ни престојат нема да ни дозволат да вршиме изведба или реконструкција на тротоари.

Во подпрограма ЈЕ точка 3 Оградување, тампонирање, пристапни патишта и осветлување на паркинг на кој ќе се одлагаат хаварисани и одземени возила, износот од 4.000.000,00 денари се брише во целост, планираните активности се предвидуваат за наредната година.

Во подпрограма ЈФ0 точка 2 Набавка, транспорт и поставување на еластична ограда на повеќе локации, износот 1.000.000,00 денари се брише во целост, локациите за кои беше планирано поставување на еластична ограда се на патни правци со кои располада ЈПДП и за кои не добивме согласност за работа.

Во подпрограма ЈИ0 точка 1 Изведба на крак од фекална канализација во с.Горно Оризари, износот се намалува за 450.000,00 денари, бидејќи по завршување на предвидените работи остануваат средства кои нема да се искористат и затоа оваа ставка се намалува.

Во подпрограма ЈИ0 точка 2 која гласи "Изведба на крак од фекална канализација во с.Долно Каласлари ", во износот од 1.800.000,00 денари. Во с.Долно Каласлари се планира реконструкција на влезот во селото на овој потег има повеќе објекти кои не се приклучени на фекална канализација. За таа цел е потребно изградба на нов крак кој ке ги опфати овие објекти.

Во подпрограма ЈМ точка 2 Партерно уредување околу колективни станбени згради и Јавни Објекти на територијата на Општина Велес, износот се зголемува за 2.000.000,00 денари. Се јавува потреба за уредување на партерот околу Општинската зграда и зградата на СИЗОТ.

Во подпрограма ЈМ точка 5 Изведба на партерно уредување околу објект на поранешен Фершпед, износот 1.500.000,00 денари се брише во целост. Поради незавршени работи околу реконструкција на зградата на поранешен Фершпед нема можност да ја реализира оваа точка.

Во подпрограма ЈН0 точка 3 Тековно одржување на постоечка урбана опрема, износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 4.000.000,00 денари. Поради се поголем број на оштетена урбана опрема се јавува потреба за поправка и замена со нова урбана опрема.

Во подпрограма ЈЛД точка 3 Тековно одржување на постоечка урбана опрема, износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 2.500.000,00 денари. Поради се поголем број на оштетена урбана опрема се јавува потреба за поправка и замена со нова урбана опрема.

Во подпрограма ЈЛД Други комунални услуги (Капитални расходи), износот 11.324.391,00 денари се брише во целост.

Поради измени во тек на градба и одобрување на проектната доокументација за измените во тек на градење, градежните работи се во прекин и се очекува да продолжат во следната година.

Во подпрограма ЈЛЕ точка 1 Изградба на катна гаража Фаза 1, износот се намалува за 25.589.039,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страствата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДА точка 1 Реконструкција на улица Белградска дел-2, износот се намалува за 284.379,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДБ точка 1 Реконструкција на улица 11ти Октомври, износот се намалува за 3.101.111,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДВ точка 1 Реконструкција на дел од улица Алексо Демниевски-Бауман од спој со улица Асном до спој со Васа Кошулчева кај Железничка станица, износот се намалува за 7.553.425,00 денари. Во оваа година е исплатен само 20% аванс, проектот е планирано да се реализира во следната година.

Во подпрограма ЈДГ точка 1 Реконструкција и утврдување режим на сообраќај на улица Васил Главинов со споевите на улуца Киро Ќучук и Тодор Јанев, износот се намалува за 632.481,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДЕ точка 1 Реконструкција на дел од улица Васил Ѓоргов, износот се намалува за 11.880.595,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈЛК точка 1 Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1 позади станбена зграда на ул.Благој Ѓорев бр.125 , износот се намалува за 745.448,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈЕЛ точка 1 Партерно уредување на плоштад и изградба на подземна катна гаража – Фаза 2, износот се намалува за 42.640.871,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДИ точка 1 Реконструкција на улица Гоце Делчев во с.Отовица, износот се намалува за 30.685.325,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстата ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДЈ точка 1 Реконструкција на влез во село Иванковци, износот се зголемува за 1.930.283,00 денари. Поради големиот број на проекти,

веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстваta ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДК точка 1 Реконструкција на влез во село Каласлари, износот се намалува за 4.599.687,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстваta ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДЛ точка 1 Реконструкција на влез во село Мамутчево, износот се намалува за 4.879.717,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстваta ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈДМ точка 1 Реконструкција на влез во село Башино село, износот се намалува за 9.394.672,00 денари. . Во оваа година е исплатен само 20% аванс, проектот е планирано да се реализира во следната година.

Во подпрограма ЈЛМ точка 1 Реконструкција на јавна површина над скривница и деловен простор износот се намалува за 11.789.157,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстваta ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Во подпрограма ЈЛН точка 1 Реконструкција на локален пат Велес-Чалошево, износот се намалува за 50.467.574,00 денари. Поради големиот број на проекти, веројатноста трезорот да затвори пред да се проверат ситуациите е голема, за да не се доведеме во ситуација да не биде исплатено на фирмите, страстваta ги префрламе во наредна година за да може исплатите да се одвиваат непречено.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2026 година ќе се намали за “16.544.391,00” денари и истата ќе изнесува “303.895.913,00” денари.

Од погоре ослободените финансиски средства во износ од 6.939.500,00 денари се распоредуваат во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2026 год, финансиски средства во износ од 700.000,00 денари се расределуваат во Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година, а преостанатите финансиски средства во износ од 8.904.891,оо денари се распоредуваат во ставките од Буџетот на Општина Велес за 2026 год.